Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 95/0306
15.06 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 03.06.2026 година, врз основа на примена жалба од **Марина Крстиќ, заменик градоначалник на Општина Битола**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот на Фејсбук сметката на ТВ Тера без наслов**,** објавен на 29.04.2026 г., а во кој темата е платите на функционерите во Општина Битола отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 26.05.2026 г., упати жалба за текстот на Фејсбук сметката на ТВ Тера без наслов, објавен на 29.04.2026 г., при што се жали на „неточно и нефер известување“, поточно на незастапена втора страна и на необјавен демант и барање за извинување.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „…Наведената сума на моите примања од Општина Битола не е ни приближно вистинита и точна, а истата можеле да ја проверат, потврдат многу лесно и да ја наведат вистинската и точна сума која ја добивам од Општина Битола и точно за што, со што се пласираат неточни, непроверени информации во јавноста за мене без претходно да бидат побарани, проверени и точно објавени“.

Жалителката уште наведува дека до медиумот упатила барање за демант и извинување, но дека медиумот до упатувањето на на жалбата тоа не го сторил.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите од жалбата, при што се повикуваат на тоа дека темата е од јавен интерес и дека текстот се заснова врз јавно достапни информации преземени од главниот извор на текстот, порталот grado.live, при што, меѓу другото, се наведува: „Во објавата не се изнесени навредливи квалификации, лични дискредитации или непроверени тврдења, туку се пренесени податоци од јавен интерес кои се однесуваат на трошењето јавни средства и функционирањето на локалната самоуправа. Како носител на јавна функција, заменик-градоначалникот е предмет на легитимен јавен интерес кога станува збор за информации поврзани со јавни финансии и надоместоци“.

Медиумот во одговорот потпишан од основачот и сопственик на ТВ Тера Зоран Манговски, детално ги отфрла наводите на жалителката и оценува дека е „во согласност со принципите на информирање на јавноста и не претставува прекршување на новинарските стандарди и етички норми“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот на Фејсбук сметката на ТВ Тера без наслов, објавен на 29.04.2026 г., а во кој темата се платите на функционерите во Општина Битола отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија и соодветните одредби за овие членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст/објава посветен на платите на функционерите во Општина Битола – тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше текстот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и на соодветните одредби за овие членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ, при што утврди дека постои прекршување.

Комисијата најпрво констатираше дека во текстот медиумот има наведено податоци за тоа колку пари од Општината се одлеваат на име плати и надоместоци со посебен акцент на врвните позиции во општината – градоначалникот, заменичката градоначалничка, и др., при што како готов факт се посочува сумата од 95 илјади денари за заменичката на градоначалникот, која ја упати жалбата до СЕММ. Тврдењето се потпира на интернет портал, кој пак за податоците појаснува дека сумите се пресметени врз основа на коефицијент помножен со просечната нето плата, но во истовреме, на крајот од појаснувањето јасно стои оградата дека „точните месечни износи не се јавно објавени од Општина Битола“ и дека „реалните плати може да се разликуваат“.

Комисијата се согласува со медиумот дека темата е од јавен интерес и дека жалителката е носител на јавна функција, но сепак медиумот имал обврска пред да ги објави податоците да ги провери од институцијата за која што пишува. Меѓутоа, од текстот не е видлив обидот на медиумот да се обезбеди став или појаснување од жалителката, ниту е јасно назначено дека станува збор за непотврдена проценка. Напротив, информацијата е презентирана на начин што кај публиката создава впечаток на утврден факт. Овие елементи се доведуваат во врска со членот 1 од Кодексот на новинарите, кој јасно налага проверка на информацијата од што е можно повеќе извори.

Во исто време, Комисијата имаше предвид дека жалителката тврди оти уредно доставила демант во кој ги оспорила наводите за своите примања, што не било објавено. Во ситуации кога засегнато лице укажува на можна неточност на објавените факти, особено за лесно проверлив податок што директно се однесува на личниот интегритет и јавната перцепција за лицето на кое се однесува текстот, етичкиот но и професионалниот стандард налага

медиумот да му овозможи право на одговор или барем дополнителна проверка на наводите. Дотолку повеќе што станува збор за фактографско, а не вредносно тврдење.

Медиумот имал обврска во најмала рака да ѝ укаже на јавноста дека постои спор околу претходно објавените податоци за примањата на функционерите во Општината, бидејќи една од посочените личности испратила барање за демант и извинување. Со тоа медиумот не ги испочитувал етичките обврски наведени во членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Имајќи ги предвид погоре наведените аргументи Комисијата заклучи дека со текстот/објавата на медиумот на неговата сметка на Фејсбук, се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија и соодветните одредби од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ.

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири, и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

С. Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595